**20120541549**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 32 став 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 5 март 2012 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите („Службен весник на Република Македонија" број 48/2001, 52/2001, 17/2005, 47/2005, 86/2007, 102/2007, 151/2007, 9/2009, 22/2009, 65/2010, 20/2012 и 26/2012), член 4 став 1 точка 4 се менува и гласи:

„4. Лабораториски услуги (биохемиски анализи од БА1 до БА10 и БА13)...................... 20% од утрдената референтна цена.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 мај 2012 година.

Бр. 02 – 3855/5
5 март 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.